РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Бр. 03-83
04-03-2025 год.
ВЕЛЕС

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

| Примено: | 04-03-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 25 | 1526/1 | 3 | |

Општинско основно училиште
„Св. Кирил и Методиј"
Велес

До
Совет на Општина Велес

Предмет: Барање на мислење

Согласно член 7 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година, ООУ„Св.Кирил и Методиј" Велес Ви доставува барање за добивање на мислење за програмата за изведување на ученички екскурзии и излети во учебната 2024/25 година.

Во прилог Ви доставуваме:

- Програмата за изведување на ученички екскурзии и излети во учебната 2024/25 година.
- Мислење од Биро за развој на образование
- Мислење од Совет на родители

Дата: 03.03.2025

Директор

---------------------------------

Маја Јовановска

Тел. 043 233 676 e-mail:ooukimveles@gmail.com Ул. „Архиепископ Михаил" бр. 156 Велес

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Бр. 02-15/2
23.09.2025 год.
ВЕЛЕС

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„Св. Кирил и Методиј"
Велес

Мислење
од Совет на родители

На седницата на Совет на родители одржана на ден 22.01.2025година согласно член 7 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности, Советот на родители даде позитивно мислење на Праграмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности за учебната 2024/25 година на ООУ„Св.Кирил и Методиј"Велес

Дата:22.01.2025

Претседател на Совет на родители

----------------------------------------
Светлана Ончева

Тел. 043 233 676 e-mail:oouklmveles@gmail.com Ул. „Архиепископ Михаил" бр. 156 Велес

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
Бр. 0907-86 7
24.02. 2025 год.
СКОПЈЕ

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

До директорот на:

**ООУ„Св.Кирил и Методиј“- Велес**

**Предмет:** Давање мислење по доставени Програми за екскурзии и други слободни ученички активности за учебната 2024/2025 година

**Број: Барање 05-22** од 28.01.2025 година

Почитуван/а,

Врз основа на Правилникот за изведување на ученичките екскурзии и другите слободни ученички активности на учениците во основните училишта, бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 година, а во согласност со член 42, став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.161/19), Ве известуваме дека Вашите Програми за организација и изведување на екскурзии и други слободни ученички активности со бр. 05-22 од 28.01.2025 година **ги исполнува** критериумите пропишани со правилникот.

**Со почит,**

Изготвил: м-р Татјана Лазарова Осоговска, советник

Контролирал: м-р Бети Денков, раководител, ПО-Штип

Одобрил: м-р Оливер Станојоски

Биро за развој на образованието,

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

в.д директор Заменик директор
m-r Shpresa Selimi

**Прилог:** Стручно мислење за изведување екскурзии и други ученички активности

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Ул. „Руѓер Бошковиќ" бр. 20, Скопје
St. "Rugjer Boshkovikj" nr. 20, Skopje
+389 2 3064 131
www.bro.gov.mk

- **Предмет: Стручно мислење за изведување ученички екскурзии и други слободни активности за учениците од ООУ „СВ.Кирил и Методиј"- Велес**
- **Барање: 05-22 од 28.01. 2025 година**

Почитуван/а,

Бирото за развој на образованието го разгледа Вашето барање за стручно мислење за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности доставено на 04.02. 2025 година.
Мислењето е изготвено и Ви се доставува врз основа на Правилникот за начинот за изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта , а по разгледување на Програмите доставени од Ваша страна за учебната 2024/2025 година и тоа:

- *Програма за изведување на еднодневна екскурзија за учениците од III одделение;*
- *Програма за изведување на еднодневна екскурзија за учениците од VI одделение;*
- *Програма за изведување на еднодневна екскурзија за учениците од IX одделение;*
- *Програма за реализација на слободна активност-излет за учениците од I-IX одделение.*

Врз основа на доставените програми може да се констатира дека истите се изготвени во согласност со Правилникот за начинот за изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта. Во програмите се опишани воспитно-образовните цели, содржината и активностите, раководителите на екскурзиите, наставниците кои ќе патуваат со учениците од соодветните одделенија, времетраењето, локациите за посета, правците на патување, техничката организација и начинот на финансирање.

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

***Имајќи ги во предвид наведените податоци, Бирото за развој на образованието смета дека Вашите Програми за изведување на ученички екскурзии се во согласност со позитивните законски прописи и Правилникот за реализација на екскурзии, излети и други ученички активности и истите можат да се реализираат.***

Со почит,

Изготвил: м-р Татјана Лазарова Осоговска, советник

06.01.2025 година, Кочани

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Бр. 03-21
28.01.2025 год.
ВЕЛЕС

# ПРОГРАМА ЗА ПЛАНИРАНИ ЕКСКУРЗИИ

# ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНАТА 2024-2025 ГОДИНА

**ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**

**„СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВЕЛЕС**

# Програми за изведување на ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активности во учебната 2024/25 година

Врз основа на член 42 од Законот за основно образование (Сл.Весник бр.161/2019 годд.) и врз основа на Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 год. утврден од Министерот е изготвена Програмата за планирани екскурзии, излети и други вонучилишни активности во училиштето во учебната 2024/2025 год.

Екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците се вонnаставни активности кои се изведуваат надвор од училиштето со цел продлабочување на знаењата на учениците по одделни воспитно- образовни подрачја и наставни предмети како и постигнување на други воспитни, образовани и рекреативни цели.

Целите на училишните екскурзии, излетите и други училишни активности се оствавуваат преку:

- Истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот,
- Посети на локалитети и објекти од културно, историско и друго значење,
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики,
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одередени краеви во државата,
- Градење чувство за припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот,
- Запознавање на учениицте со културата на различни етнички заедници што живеат во нашата држава,
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ игражаните кои припаѓаат на други народи кои живеат во државата,
- Дружење, социлализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа засебе си,
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општественоживеење.

Во зависност од интересите на учениците и од временските услови можни се и промени во планот за изведување на екскурзиите

## Излети и екскурзии кои се планираат во второто полугодие:

- еднодневен пролетен излет за учениците од I, II , IV и V
- еднодневен пролетен излет за учениците од VII и VIII одделение
- еднодневна пролетна екскурзија за учениците од III
- дводневна екскурзија за учениците VI одделение
- троодневна екскурзија за учениците од IX одделение

| Програмска содржина | Одделение | Време | Место |
|---|---|---|---|
| Еднодневен пролетен излет | I и II одделение и I и II одделение од ПУ с. Црквино | Мај/Јуни 2025 год. | Велес – Речани – „Џуниор", забавен парк - Велес |
| Еднодневен пролетен излет | IV одделение | Мај/Јуни 2025 год. | Велес – Кавадарци - Ваташа – Моклиште - Велес |
| Еднодневен пролетен излет | V одделение и IV и V одделение од ПУ с.Црквино | Мај/Јуни 2025 год. | Велес – Голозинци - Велес |
| Еднодневен пролетен излет | VII,VIII одделение | Мај/Јуни 2025 год. | Велес – Кавадарци - Ваташа – Моклиште - Велес |
| Еднодневна пролетна екскурзија | III одделение и III одделение од ПУ с.Црквино | Мај/Јуни 2025 год. | Велес – Негорски бањи – Дојран - Велес |
| Најмногу два дена пролетна екскурзија | VI одд. | Мај/Јуни 2025 год. | Велес – Пробиштип – Кратово – Крива Паланка - Велес |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Тродневна пролетна екскурзија | IX одд | Мај/Јуни 2025 год. | Велес - Битола - Вевчани - Струга – Охрид-Прилеп - Велес |
| Набљудувања | Во текот на годината | Според програмата | I – IX одделение |
| Посета на знаменитости и установи | Во текот на годината | Според програмата | I – IX одделение |

Училишната екскурзија е активност која се одвива надвор од училница со цел да се реализираат одредени воспитно – образовни цели. Во текот на екскурзијата се посетуваат природни, културни - историски знаменитости , традициите и обичаите на нашата земја.

Училишниот излет се организира во еден ден, а со цел да се реализираат воспитно – образовни цели.

Во зависност од интересите на учениците и од временските услови можни се и промени во планот за изведување на екскурзиите.

# Пролетен еднодневен излет

**Место**: ***„Џуниор", забавен парк, Велес, 5 километри растојание***

**Носители на активностите:**

- одделенските наставници .
- учениците од I и II одделение

**Воспитно-образовни цели:**

- Учениците да се запознаваат со природните убавини во околината на Велес;
- Учениците да развиваат еколошка свест за зачувување на природните убавини на нашата земја;
- Учениците да играат детски игри во природа;
- Учениците да го развиваат другарството и социјализацијата.

**Воспитно-образовни задачи:**

- Изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;

- Градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
- Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе.

**Содржина и опис на активностите:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување,фотографирање.

**Раководител на излет:** Директор на училиштето – Маја Јовановска

**Одговорен наставник:**Тања Ѓорѓиевска, Јован Јовановски, Сузана Павловска, Биљана Личовска, Сања Ников, Надица Костова, Сања Давчева и Џева Мухаремовиќ.

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Време на реализација :** Мај-Јуни.

**Времетраење:**еден ден

**Локации за посета:** Речани

**Правци на патување :** Велес,Речани,Џуниор забавен парк, Велес

**Техничка организација:**

Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, комбе патничко,туристички водач и здравствено лице.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.
Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите

# Пролетен еднодневен излет

**Место**: ***Велес,Голозинци,Велес, 15 километри растојание***

**Носители на активностите:**

- одделенски наставници и класни раководители.
- учениците од IV и V одделение

**Воспитно – образовни цели:**

- проширување и продлабочување на знаењата;
- примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите и односите во природната и општествена средина, како и на културно-историските знаменитости;
- учениците да се запознат со непосредната околина;
- да се развие свест за здрава животна средина и грижа за природата;
- да се потикнува и развива другарството, почит и толеранција меѓу учениците.

**Воспитно – образовни задачи:**

- да ја набљудуваат блиската околина
- да се посетат музеите и културно-историските споменици
- да се интересираат за стекнување на нови знаења
- посети на локалитети и објекти од културно, историско и друго значење;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- градење чувство за припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот;
- развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
- дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- развивање интерес за рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење

**Содржина и опис на активностите:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување,фотографирање.

**Раководител на излет:** Директор на училиштето – Маја Јовановска

**Одговорен наставник:** одделенски наставници и класни раководители - Костадинка М.Стојановска, Мирјана Стојанова, Вилма Дервишова и Василка Малинова

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Време на реализација :** Мај-Јуни.

**Времетраење:** еден ден

**Локации за посета: :** посета на извиднички дом во Голозинци, негова дејност, улога и значење.

**Правци на патување :** Велес,Голозинци, Велес

**Техничка организација:**
Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, комбе патничко,туристички водач и здравствено лице.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

# Пролетен еднодневен излет

**Место**: ***Велес,Кавадарци,Ваташа,Велес, 43 километри растојание***

**Носители на активностите:**

- одделенски наставници и класни раководители.
- учениците од IV, VII и VIII одделение

**Воспитно – образовни цели:**

- учениците да се запознаат со непосредната околина
- да се развие свест за здрава животна средина и грижа за природата
- да се поттикнува и развива другарството почит и толеранција помеѓу учениците
- да се запознаат со културно –историските споменици од минатото на нашата држава
- да се збогати знаењето на учениците со нови факти и поими поврзани со наставните програми што се изучуваат

**Воспитно – образовни задачи:**

- да ја набљудуваат блиската околина
- да го набљудуваат растителниот и животински свет во околината
- да се посетат музеите и културно-историските споменици
- да се интересираат за стекнување на нови знаења
- посети на локалитети и објекти од културно, историско и друго значење;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- градење чувство за припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот;
- развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
- дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- развивање интерес за рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење

**Содржина и опис на активностите:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување,фотографирање.

**Раководител на излет:** Директор на училиштето – Маја Јовановска

**Одговорен наставник:** одделенски наставници и класни раководители – Панче Бочваров, Слаѓана Рогужарова, Марјанчо Филипов, Илчо Стојановски, Ирена Андреева и Оливера Пановска, Родне Петрушева, Мелита Неделчева и Стојна Тодоровска.

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Време на реализација :** Мај-Јуни.

**Времетраење:** еден ден

**Локации за посета: :** археолошки локалитет Стоби, спомен обележје 12 ваташки младинци, спомен куќа на Страшо Пинџур, музеј на град Кавадарци, градски парк, Спомен костурница

**Правци на патување :** Велес,Кавадарци,Ваташа,Велес

**Техничка организација:**
Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, комбе патничко,туристички водач и здравствено лице.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

## ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ОД ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ

**Вид на екскурзија**: научно - наставна

**Времетраење:** еден ден

**Место**: Велес, Дојран Велес

**Време на реализација**: Мај-Јуни

**Носители на активностите**:
- одделенски наставници од III одделение
- ученици од III одделение

**Воспитно – образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини на нашата земја, планина и езеро;
- Проширување на знаењата на учениците за туризмот во Југоисточниот дел на нашата земја;
- Развивање на еколошка свест за зачувување на природните убавини;
- Развивање на другарство и социјализација на учениците;

**Воспитно – образовни задачи:**
- Изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- Градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
- Развивање позитивен однос кон националните, културните, и естетските вредности;
- Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;

**Содржина и опис на активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање.

**Раководител на екскурзијата:** Директор на училиштето – Маја Јовановска

**Одговорни наставници:** одделенски наставници на III одделение – Лидија Ѓорѓиева, Елена Тодевска, Снежана Стојановиќ и Џева Мухаремовиќ.

**Локации за посета и правци на патување**
Поаѓање на групата од центарот на градот во 8:00 часот. Се патува кон Негорски бањи, граничен премин Дојран. Стигнување во Дојран и посета на крајбрежјето на Дојранско езеро. Враќање за Велес.

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и здравствено лице.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.
Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.

**Начин на финансирање:** самофинансирање од страна на родителите

## ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ

**Вид на екскурзија**: научно - наставна

**Времетраење:** 2 дена - едно ноќевање

**Место**: Пробиштип, Кратово и Крива Паланка

**Време на реализација**: Мај-Јуни

**Опфатеност на ученици:** VI одделение

**Носители на активностите**:

- Класните раководители на VI одделение
- ученици од VI одделение

**Воспитно-образовни цели на наставата**

- Проширување и продлабочување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите и односите во природната и општествената средина, како и на културно-историските знаменитости.

**Воспитно-образовни задачи:**

- Посети на локалитети и објекти од културно, историско и друго значење;
- истражување на објекти и појави во природата;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- градење чувство за припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот;
- развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;

- дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- развивање интерес за рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење;
- развивање интерес за рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење.

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање. На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Раководител на екскурзијата:** Директор на училиштето – Маја Јовановска

**Одговорни наставници:** класните раководители на VI одделение. – Емилија Темелковска, Анита Мирчева и Снежана Каракачанова.

**Локации за посета и правци на патување:** Знаменитости во Радовиш и Стумица

**Локации:** Знаменитости во Пробиштип, Кратово и Крива Паланка

**Начин на финансирање:** самофинансирање од страна на родителите

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и здравствено лице.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.
Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работии издава патен налог и на вработените за службено патување.

**Начин на вреднување и користење на резултатите:**

- На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**План на патувањето:**

- ***1.ден.*** Тргнување на групата од центарот на градот во 8:00часот.Се патува кон Пробиштип. Посета на с.Лесново, Лесновски пештери и Лесновскиот манастир. Патување кон Кратово, посета на Средновековните кули, Музеј на град Кратово, Старите мостови, Радин мост. Во попладневните часови учениците се сместуваат во хотел каде им следува вечера и ноќевање.

- ***2.ден*** Појадок, а потоа претпладневен излет до знаменитоста Куклица. Патување кон Крива Паланка. Посета на Градски музеј, Спомен чешма, спомен плочи и бисти на Вера Јоциќ, Јоаким Осоговски, паднати борци од с.Трново и други. Патување кон парк „Гиновци“. Враќање за Велес пред местото на поѓање во вечерните часови

## ***<u>ТРОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ОД ДЕВЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ</u>***

**Вид на екскурзија**: научно - наставна

**Времетраење:** 3 дена - две ноќевање

**Место**: западна Македонија - Охрид

**Време на реализација**: Мај-Јуни

**Опфатеност на ученици:** IX одделение

**Носители на активностите**:
- Класните раководители на IX одделение
- ученици од IX одделение

**Воспитни – образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на Западна Македонија, нивните природно-географски обележја, релјефот, вегетацијата на овие простори,
- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овие простори, со музеи, цркви, езеро, тврдина, Вевчански водопади.
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

**Воспитни – образовни задачи:**

- запознавање со културата од античкиот период преку археолошки содржини од IV век п.н.е. до XI век н.е. - податоци сочувани на епиграфски

споменици, остатоци од повеќе монументални градби и декоративните елементи сочувани во нив со архитектонска вредност, базилики и подни мозаици кои се вистински ремек дела на старохристијанаската уметност;

- разгледување на еколошка зона со висок степен на заштита и запознавање со богатата биолошка разновидност со која се одликуваат Вевчанските извори;
- запознавање со историското минато на нашето културно наследство како дел од светското наследство на УНЕСКО, преку посета на средновековни градби и разгледување на архитектурата од V - XIV век;
- презентација од страна на кустос за биолошки, археолошки, етнолошки и историски поставки кои се дел од природното и културно наследство за регионот на Охридското Езеро - светско наследство од листата на УНЕСКО;
- посета на праисториска наколна населба од XII - VII век п.н.е. која нуди интересно доживување за тогашниот начин на живеење

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање. На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Раководител на екскурзијата:** Директор на училиштето – Маја Јовановска

**Одговорни наставници:** класните раководители на IX одделение. Павлина Карова, Мимоза Тодороска и Павлина Харалампиева.

**Локации за посета и правци на патување:** Знаменитости во Битола, Прилеп, Струга, Вевчани, Охрид.

**Локации:** Знаменитости во Битола, Прилеп, Струга, Вевчани, Охрид.

**Начин на финансирање:** самофинансирање од страна на родителите

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и здравствено лице.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работии издава патен налог и на вработените за службено патување.

**Начин на вреднување и користење на резултатите:**

- На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**План на патувањето:**

- ***1.ден.*** Тргнување на групата од центарот на градот во 7:30 часот. Се патува преку Прилеп, Битола, разгледување на градот. Патувањето продолжува кон Вевчани каде што ќе се посетат Вевчанските извори и училиштето во Вевчани. Од тука се тргнува кон крајната дестинација за овој ден Охрид, каде во попладневните часови учениците се сместуваат во хотел и имаат организирана вечера и ноќевање.

- ***2.ден*** Појадок, а потоа претпладневен излет во Струга при што ќе бидат посетени Струга и нејзините убавини (куќата на Миладиновци, мостот на поезијата и природно-научниот музеј Др.Никола Незлобински). Во попладневните часови враќање во хотелот и подготовка за вечера, диско забава и ноќевање.

- ***3 ден*** Појадок, а потоа следува посета на Охрид и неговите знаменитости (Палошник, Самоилова тврдина, куќата на Робевци, куќата на Прличев, Антички театар, црквата „Св.Јован Богослов" – Канео), наколно живеалиште - Залив на коските. Враќање за Велес преку Битола и Прилеп. Учениците пристигнуваат пред местото на поаѓање, во вечерните часови.

***За оние ученици кои нема да одат на екскурзија, во училиштето ќе биде организирана настава.***

## План за изведување на набљудување и посети на знаменитости и установи

**Набљудувања:**

- Набљудување на местото на живеење
- Набљудување на природата
- Набљудување на сообраќајот

**Посети:**

За реализирање на наставниот план и програм, за полесно осознавање на наставните планови и содржини планирани се посети на одредени објекти и манифестации од областа на културата кои ќе ги збогатат знаењата на учениците:

- Театар за деца и млади
- Археолошки музеј
- Археолошки локалитет
- Музеј на Македонската борба
- Природно-научен музеј
- Зоолошка градина
- Саем на книгата
- Градски кина
- Изложби

Соработката со други воспитно - образовни установи ќе значи соработка со основните училишта од општината, градот и пошироко и ќе се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и воннаставните активности како што се натпреварите во знаење во разни подрачја, ликовни хепенинзи и литературни читања и разновидни спортски натпревари.

Предвидена е посета на други институции одинтерес за наставата:

- Посета на Пошта
- Посета на Автобуска станица
- Културни манифестации
- Посета и запознавање со работата на општината

Наставните посети надвор од училиштето за учениците од прво до деветто одделение ги планираат наставниците во своите наставни програми.Овие посети се планираат и реализираат и со цел да се искористат како ефективни ресурси за учење и стекнување трајни знаења. Меѓу другите цели се и:

__Цели:__

- Да се оспособи за воспоставување на културен однос со опкружувањето во насока на:- лично обраќање кон други луѓе
; - приспособување на говор во дадена ситуација; - културно однесување со други луѓе; еколошко однесување.
- да ги прошират сознанијата за непосредната околина;
- да се оспособуваат за набљудување, опишување и споредување;
- да се оспособуваат да користат различни извори на знаења;
- да ги прошират знаењата за културното богатство на својата татковина;
- да се ориентираат во просторот и времето;
- да стекне елементарни знаења за театарот и драмската уметност;
- да се формираат навики за културно однесување при посета на театар , куклена претстава;
- да се развива позитивен однос и почитување на различни професии;
- запознавање со училишната средина;
- да се запознае со стари градби, носии, стари предмети;
- да се запознае со сообраќајот од домот до училиштето;
- да ги спознава правилата за безбедно движење;

- да може безбедно да се движи во локалната средина;
- да ги препознава звуците од природата и околината ;
- да развива хуман однос кон живиот свет;
- да се развива свест за зачувување на чиста околина.

Директор: Маја Јовановска

Раководител: Мимоза Тодоровска

Одговорни наставници по одделенија:

1. Елена Тодевска III одделение
2. Емилија Темелковска VI одделение
3. Павлина Карова IX одделение

Директор

______________________

Маја Јовановска

Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02 и „Сл. весник на РСМ" бр.5/02 бр.202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а согласно член 7 од Правилникот за начинот за изведување на ученичките екскурзии и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година и Правилникот за дополнување на правилникот за начинот за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-11297/1 од 15.10.2020 година

Советот на Општина Велес на 62-та седницата одржана на___03.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање мислење на Програма за реализација на екскурзии, излети и други вонучилишни активности за учебната 2024/2025 година на ООУ „Св.Кирил и Методиј“- Велес**

1.Советот на Општина Велес, ја разгледа Програмата за реализација на екскурзии, излети и други вонучилишни активности за учебната 2024/2025 година на ООУ „ Св.Кирил и Методиј“ Велес и дава:

**ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

2. Решението ќе биде доставено до Училишниот одбор на ООУ „ Св.Кирил и Методиј“ Велес, за понатамошно постапување.

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Од страна на ООУ „ Св.Кирил и Методиј“- Велес доставени се: Програма за реализација на екскурзии, излети и други вонучилишни активности за учебната 2024/2025 година, Мислење од Бирото за развој на образованието бр.0907-66 од 24.02.2025 година и Мислење бр.02-14/2 од 23.01.2025 година од Совет на родители за учебната 2024/2025 година.

Согласно член 42 став 1 од Законот за основно образование(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20 и 3/25), училиштето планира и организира екскурзии, излети и други вонучилишни активности согласно со годишната програма за работа на училиштето.

Во Правилникот за начинот за изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година во член 7 е регулирано дека за секоја програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта, која ја изработува стручен тим, одделно мислење дава Советот на родители на училиштето и Советот на Општината, по претходно позитивно мислење од Бирото за развој на образованието.